Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

Архивски бр. 08-414/7
датум 28-11-2025

ЗАПИСНИК
ОД НАДЗОР ВО ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА

Министерот за правда со решение бр. 08-1464/1 од 30.06.2025 година согласно член 84 ставовите 3, 4, 5 и 6 од Законот за судовите и членот 14 од Законот за управување со движењето на предметите во судовите („Службен весник на РСМ“ бр. 42/20) формираше Комисија за надзор над примената на одредбите од Судскиот деловник и надзор над спроведувањето на одредбите од Законот за управување со движење на предметите во судовите, за 2025 година.

**Комисијата за надзор на ден 01.10.2025 година во 11.00 часот,** согласно Планот за надзор бр. 08-3231/1 го започна надзорот во **Основен суд Гевгелија** за контролниот период **од 2024 до 2025 година**, односно за периодот од последниот увид на Комисијата за надзор во 2023 година до 2025 година.

Комисијата изврши увид во судот во присуство на претседателката на судот Маја Аврамова, раководителот на оддел Павле Тунтев и информатичарот Иван Петров.

Судот како суд со проширена надлежност се соочува со недостиг на кадар и покрај изборот на нов судија во судот. Од предвидени 13 судии по систематизација, во судот вработени се вкупно 8 судии, од кои еден ќе замине во пензија. Во однос на бројот на судската служба, драматична е пополнетоста на работните места. Препораките од Комисијата дадени во 2024 година за судовите под 1/3 пополнетост важат и за овој суд.

Претседателката на судот го истакна проблемот кој настанал со Судското одделение во Валандово, кое е затворено и не функционира заради доделување на просториите од страна на Владата на Министерството за финансии, иако 30 години просториите биле во владение на судот и претходно биле реновирани од страна на судот со средства од судскиот буџет.

Просторните услови на судот се прилично добри, со реновирани простории со фотоволтаици. Судот е сместен во иста зграда со Основното јавно обвинителство Гевгелија.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

Препорака: Судскиот буџетски совет, Министерството за правда и Владата на Република Северна Македонија да обезбедат простор и функционалност за Судското одделение во Валандово, Демир Хисар и Македонски Брод. На подолг рок, да се обезбеди сместување на јавното обвинителството во друга зграда.

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ И СОСТОЈБА НА СУДОТ

1. **Програма за работа**

Су бр.200/23 од 25.12.2023 за 2024, Су бр.233/24-3 од 31.12.2024 година за 2025

2. **Број, вид на судски оддели со број на судии кои постапуваат по предметите (имиња и област по кој постапуваат) (член 66 СД)**

Кривичен одел, граѓански оддел и оддел за судска пракса кој е формиран по доаѓањето на функција на претседателката на судот.

3. **Годишен распоред на судии (дали е донесен до 31 декември тековната година за следната година) со сите измени на годишниот распоред на судии (колку пати е менуван), со записници за спроведената постапка (мислење од седница на судии и достава до сите судии 113 СД)**

Су. бр.200/23 од 25.12.2023 година и Су бр.182/24 од 29.10.2024г
Су. Бр. 233/24 од 31.12.2024
Су бр. 80/25 од 03.04.2025 година
Су бр.34/25 од 07.02.2025 година

4. **План за годишен одмор на судиите (115 СД)**

Су 04 бр. 20/24 од 03.06.2024 година
Су 04 бр. 50/25-3 од 02.06.2025 година
Су 04 бр.50/25-4 од 02.06.2025


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

5. **Формирана служба за информатика како посебна организациона единица**

Нема формирано служба за информатика. Информатичарот во судот е на работна позиција раководител на одделение со 5 години работно искуство во судот.

6. **Формиран оддел за судска практика во судот**

Во одделот за судска практика се вклучени сите судии и двајца виши стручни соработници. Со тоа е надмината препораката од претходниот надзор.

7. **Формирана канцеларија за односи со јавноста (101 СД)**

Лице за односи со јавност е Тодорка Цилковска Димова, определена со годишниот распоред Су бр.80/25.

8. **Судски администратор и распределба на службеници (60 СД)**

Нема судски администратор, раководителот на одделение Павле Тунев ги извршува работите на судски администратор. Препораките за судски администратор се констатирани и од претходната Комисија.
**Препораките на Комисијата во 2024 година за судовите каде нема избран судски администратор се однесуваат и за овој суд, како и препораката да се овозможи пополнетоста на местата од најмалку 75% од предвидена систематизација.**
Од предвидени 103 места по систематизација, пополнети се само 32 места во судска служба, односно само 1/3 пополнетост на местата.
Во судот има 4 вработени во судска полиција, 2 по ЗРО (хигиеничар и телефонист), како и 3 доставувачи за целото подрачје на судот.

9. **Службени белешки за извршен редовен надзор над навремено и уредно извршување на работите во судот најмалку двапати годишно (член 17 СД)_за 2024 и 2025 година.**

Су бр.203/24 од 21.11.2024 година
Су бр.85/25 од 09.04.2025 година

10. **Записници од одржани седници на судии на месечно ниво (член 19 и 22 СД) увид во записници**

Су 62/24 од 12.04.2024 год, Су 34/25 од 07.02 2025год, Су 54/25 од 04.03.2025 година.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

11. **Записници од одржани седници на судски оддели доставени до претседателот на судот (член 67 СД) увид во записници**

Кривичен оддел - Су бр.30/24 од 19.02.2024 година
Су бр. 27/25 од 03.02.2025 година
Граѓански оддел СУ бр. 195/24 од 14.11.2024 година
Су бр. 87 /25 од 11. 04. 2025 година

12. **Записници од одржани месечни седници на претседателот на судот со судии заведени во СУ уписник (член 19 и 22 СД) увид во записници**

Су бр.62/24 од 12.04.2024 година
Су бр.54/25 од 04.03.2025 година

13. **Достава на извештај за реализација на програма за работа на претседател на суд најдоцна до 1 март до Судски совет**

Во 2024 година нема претседател на суд, а обврската не се однесува на вд. претседател на суд.

14. **Статистички извештај за работата на судот доставен до Судски совет (член 84 од СД) со анализа за начин на решавање на решени предмети, одлуки на повисоки судови за предмети по правен лек и посебно издвоени податоци за застарени, стари и укинати предмети**

Су 03.бр.21/25 -1 од 07.02.2025 година , Су 01 бр.13/25 од 11.02.2025 година.
Су 01. бр. 13/24 од 08.02.2024 година , Су 01.бр.27/24 од 16.04.2024 година

15. **Извештај од повисокиот суд за работата на Основниот суд Гевгелија за 2024 и 2025 година**

Заведен под Су 03-38/24 од 15.04.2025 година
Заведен под Су 03-64/25 од 23.09.2025 година

16. **Надзор над работата на нотарите.**

Записник од одржан состанок Су бр.195/24 од 14.11.2024 година.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА АКМИС

**17. Организирани обуки на судии и судски службеници за користење на АКМИС (26 СД)**

Информатичарот врши обуки на вработените по потреба, обуки за судиите преку Академијата за судии и јавни обвинители има многу малку, додека информатичарот ја има завршено обуката за сајбер безбедност и за мрежи организирана преку Академија за минатата 2024 година.

**18. Преглед на информатичката опрема со која располага судот**

Судот располага со доволно информатичка опрема, која ги задоволува потребите за функционирање на судот. Релативно нова информатичка опрема. Оваа година има набавка на нови печатари и нови скенери за замена.

**19. Список на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи со степен на достапност до АКМИС, за контролираниот период (член 61 СД) На увид**

Има списоци за кориснички групи, внесени уредно во АКМИС
СУ 04 бр.3/24-1 од 09.01.2024 и СУ 04 бр.8/25 од 08.01.2025 со една измена СУ 04 бр.8/25-3 од 01.04.2025 година

**20. Внатрешни процедури за привилегии за АКМИС, за контролираниот период (член 61 СД)**

Има списоци со кориснички групи.

**21. Месечните распореди и времетраење на дежурства во судот, евидентирани во АКМИС за контролираниот период (116)**

Месечни распореди и времетраење на дежурствата во Основен суд Гевгелија, се евидентираат во АКМИС системот и истите се внесени во месечниот календар на дежурства.

### 22. Скенирање на влезни документи

Се врши скенирање на сите влезни документи, освен доказите во прекршоците и некои вештачења заради форматот на списите.

### 23. Електронски прием на предмети од страна на судиите

Редовно се врши електронски прием од страна на судиите.

### 24. Судски службеник задолжен за АКМИС, за распределба и прераспределба на предмети (негово физичко присуство 89 СД)

Задолжен за АКМИС е информатичарот со Решение СУ бр.38/2023 од 06.03.2023. Автоматската распределба и прераспределба ја врши уписничарите од соодветните одделенија.

### 25. Сите одлуки со образложена наредба за причини за исклучување на судија од распределба на предмети за 2024 и 2025 година (175 став 5 СД)

Има една за контролираниот период.
На увид беше разгледана Наредба за исклучување СУ-бр.32/25 од 06.02.2025 година поради исполнување на услови за старосна пензија согласно Решението на Судскиот совет на Република Северна Македонија бр.02-300/1 од 06.02.2025 година.

### 26. Сите одлуки за повторна автоматска распределба на предметите заради изземање на судија, и одлуките за изземање за 2024 и 2025 година

Има внесено уредно во АКМИС.
СУ-ИЗЗ.бр.1/24 од 15.02.2024 година, СУ-ИЗЗ.бр.3/24 од 29.08.2024 година и СУ-ИЗЗ.бр.2/25 од 11.04.2025 година.

### 27. Сите одлуки за рачна распределба на предмети од АКМИС за 2024 и 2025 година

Нема одлуки за рачна распределба.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

28. **Уписници за кои ќе се оцени дека треба да бидат ставени на увид ќе бидат побарани за време на надзорот (Гр и Кр од бараниот период)**

- П4-3/24 - Поднесен на ден 12.02.2024, примен, заведен и автоматски распределен на ден 13.02.2024 и примен од страна на судија на ден 14.02.2024 година, автоматски прераспределен на ден 20.02.2024 поради изземање Су-ИЗЗ бр.1/24 од 15.02.2024
- К-135/24 - Поднесен, примен, заведен и примен од страна на судија на ден 31.07.2024, автоматски распределен истиот ден
- РО-36/24 - Поднесен, примен и заведен на ден 31.05.2024, автоматски распределен истиот ден и примен од страна на судија на ден 06.06.2024 година
- П2-83/24 - Поднесен, примен и заведен на ден 20.09.2024, автоматски распределен на ден 20.09.2024 и примен од страна на судија 30.09.2024 година
- К-96/24 - Поднесен, примен и заведен на ден 21.03.2025, распределен со копче судија на 21.03.2025 и два пати прераспределен со копче судија на ден 24.03.2025 со одлука на претседател Су.бр 71/25 од 21.03.2025 година, и примен од страна од судија на 24.03.2025 година
- МАЛВП-15/25 - Поднесен и примен на ден 20.09.2024,, заведен, автоматски распределен и примен од страна на судија на ден 08.04.2025
- К-102/25 - Поднесен и примен на ден 28.03.2024, заведен, автоматски распределен и примен од страна на судија на 01.04.2025 година
- ТС1-3/24 - Поднесен, примен, заведен и примен од страна на судија на ден 27.08.2024, распределен со копче судија на 27.08.2024 во четири наврати поради годишни одмори, а на 29.08.2024 прераспределен два пати со копче судија, поради изземање и годишен одмор.

29. **Увид во предмети кои на денот на надзорот треба да бидат распределени, по уписник (број на предмети и датум на заведување и време на распределување)**

Автоматската распределба се прави во точно 14 часот. На денот на надзорот има вкупно 11 нераспределени предмети.

30. **Уписници што се водат во хартиена форма**

СУ уписник покрај во електронска форма, се води и во хартиена форма.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

**31. Користење на тонско снимање и опрема за тонско снимање**

Вкупно има шест судници, од кои две судници се опремени со тонско снимање кое се користи по барање на странките.

**32. Електронска достава.**

Редовно се врши електронска достава на тие што имаат уредно доставена електронска пошта (адвокати и некои правни субјекти)

ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТНО ТЕЛО

**33. Одлука за формирање на работно тело за управување со движење на предметите во судот за 2024 и 2025 година (член 16 СД)**

Су бр.01.бр.15/23 од 09.02.2023 година
Су бр.1/24 од 03.01.2024 година
Су бр.1/25 од 02.01.2025 година

**34. Годишен план за управување со движењето на предметите за 2024 и 2025 година по предлог на работното тело**

Су бр.8/24-1 од 04.01.2024 година
Су бр. 4/25-1 од 02.01.2025 година.

**35. Внатрешни процедури**

Су .3/25 - 1 од 02.01.2025 година
Су 7/24 од 04.01.2024 година


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

36. Сите месечни извештаи на работното тело во судот доставени до претседателот на судот за спроведување на годишниот план за управување со движењето на предметите во судот со констатирани недоследности, образложени причини за настанување на истите и предлог мерки за нивно надминување (член 8 од ЗУДПС)

Су 01.бр.15/24 од 19.02.2024 година
Су01 бр.69/24-1 од 17.12.2024 година
Су 01 бр.15/25-1 од 14.02.2025 година

ДРУГИ ОПШТИ ПОДАТОЦИ

37. Информирање на јавноста за резултатите од работењето на судот и судиите (најмалку еднаш годишно) за контролираниот период

На веб страната на Основниот суд Гевгелија континуирано се објавуваат сумарните, месечните, кварталните, полугодишните и годишните извештаи. Исто така се објавуваат и оценки и заклучоци по извештаите за работењето на судовите во Република Северна Македонија, одбележување на Европскиот ден на правдата 25 октомври, јавни огласи, планови за јавни набавки, одржување на јавни настани и друго.

38. Огласна табла на судот

Има огласна табла. Видео дисплеите како и во повеќето судови не се во функција.

39. Простории за судии поротници и за адвокати

Има обезбедено простории за судии поротници и адвокати .

40. Објавени правосилни судски одлуки на веб страната на судот за 2024 и 2025 година

Редовно се објавуваат на веб страната на судот - 103 одлуки за 2024 и 91 за 2025 година до денот на надзорот.

После извршената анонимизација на одлуките од страна на судски службеник и после извршената синхронизација на податоците од АКМИС системот кон Врховен суд, се објавуваат на веб страната на судот.

## 41. Архива

Архивата е во пристојна состојба. Предметите се наредени дел на метални полици, дел на дрвени полици, истите се наредни по години и по број, лесно се пристапува до нив. Просторијата е добро осветлена, хигиенските услови се добри, нема влага.

Увидот заврши на ден 01.10.2025 во 14:00 часот.